ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 02-2628/10
13.06 2023 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 02/2023**

1.За извршител на работно место:
-**Раководител на Одделение за образование, млади и спорт со шифра на работно место УПР0101Б04000** во Сектор за јавни дејности, како прво рангиран кандидат се избира Васко Димовски, со освоени вкупно 39,70 бода.

2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место Раководител на Одделение за образование, млади и спорт во Сектор за јавни дејности по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Интерниот оглас бр.02/2023, објавен на веб страната на општината и Агенцијата за администрација на ден 26.05.2023 година за унапредување на административен службеник на работно место – Раководител на Одделение за образование, млади и спорт, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр. 02-2628/7 од 08.06.2023 година донесено од страна на Секретарот на општината, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот, составува финална ранг-листа и му го предлага прворангираниот кандидат на Секретарот на општината.
Врз основа на доставениот предлог се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, односно денот на приемот на одлуката.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**СЕКРЕТАР**
**Георги Трајчев**

Доставено до:
-Административен службеник;
-Одделение за управување со човечки ресурси